# 18. Јурекооj

**Јурекооj** е лоза издвоена од родот Коачооj, кои го слават Св. Ѓорѓија. Некаде може да се сретне дека оваа лоза е дел од родот Дабоќееj и дека го слават Св. Аранѓел. Потомците од родот треба да го утврдат точно своето потекло. Јас не навлегувам во тоа дали Јурекооj се дел од Коачооj или не или е посебна фамилија или род или не, туку внесувам дека овие лица во моето детство ги нарекувавме Јурекооj. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 88-89, Р. бр. 18, стр. 98 и Р. бр. 25, стр.64-67, 69-72).
Од Јурекооj јас го познавам **Јоанче**, со неговите два сина: Христе и Среќко и трите ќерки: Сребренка, Грозда и Слободанка (Цоба) Божиновски.
**Христе** Божиновски има два сина Мирче и Ванчо. Христе се пресели во Детроит со неговиот син Ванчо и пред некоја година почина. Ванчо има ќерка Христијана и близнаци Никола и Христифор. Мирче Божиновски остана во Лешок и го држеше дуќанот. Мирче со сопругата Марица од родот Прнџооj од Варвара имаат син Антонио и ќерка Анастасија, која се омажи и има ќерка Ана -Марија.
**Среќко** Божиновски живееше во Лешок и пред некоја година почина. Среќко со сопругата посвоија ќерка Магдалена, која се омажи и има син Давид и ќерка Марија.
**Сребренка** беше генерација со брат ми Мирко. Сребренка со Гарсо од Тетово имаат син Зоран и ќерка Анета. Сребренка пред неколку години изградија викендица во Лешок.
**Грозда** Божиновска м. Тодосова е Генерација 1950/51 год., а Слободанка (Цоба) е две генерации после мојата Генерација. На Грозда и на Слободанка им се обраќавме со прекарот Јурекојца. Грозда има син Александар и ќерка Елена.
**Слободанка** Божиновска м. Стојановска со сопругот Драган од Скопје имаат син Трипун и ќерка Гордана. Ќерката Гордана со сопругот Бобан имаат два сина Мартин и Никола.
**Гордана Андреевска** е долгогодишен успешен и афирмиран новинар и уредник во Телевизија МТМ, Скопје. Би сакал да нагласам дека имав одлична соработка и комуникација со новинарката и уредник Гордана Андреевска.
За Грозда и Слободанка имам запишано кратки биографии во книгите. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 151-155 и 156-157, Р. бр. 19, стр. 25-44 и Р. бр. 25, стр.64-67, 69-72 и 73-77 ).
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 61, 98, 107, 112-113, 180, 200, 211, 221, 223, 285 ), **Дабоќееj, Јурекооj, Кашамееj, Коачооj, Пашини, Прнџооj, род, Сирмини, слава, Школо,**



| Јоанче + | Христе + | Слободанка | Грозда | Ванчо | Мирче | Гордана | Антонио | Магдалена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 19. Качооj

**Качооj** е род во Лешок, домашна слава **Петковден**. Родот е доселен од Сетоле. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-157 во ТОМ-1, Р. бр. 8, стр. 86, Р. бр. 18, стр. 106-107 и бр. 25, стр. 79-85 ).
Од овоj род јас ги познавам Андре Качо, кој е генерација со дедо ми Трпо, кој немаше деца и го посинува Крсто Ѓигов од родот Костадинооj од Долно маало. Андре-Качо бил матичар во Лешочката општина после Првата светска војна. Се сеќавам, дедо Андре кога ќе поминеше на Бучејца кај кооперацијата со Лешаните зборуваше српски. ( *Добар дан, жељим Вам, свима...* ) и ние децата

на глас се смеевме и се кикотевме, оти, знаевме дека е од Лешок, а не зборува Лешечки, туку, српски. ( Р. бр. 22, стр. 284 - 285 во ТОМ-1 ) и Р. бр. 8, стр. 86 ).

**Иљо** Качовски - Сурко со Дона имаа два сина Јове и Томе и ќерка Љубица.

**Љубица** со мажот Ѓорѓи Перовски од родот Љезооі од Лешок имаат еден син Мирко и се преселија во Ѓорче Петров. Мирко Перовски со сопругата Сабиха имаат син Ѓорѓи и две ќерки Љубица (Бубе) и Надица. **Јове** Качовски има две ќерки Душица и Блага. Блага се омажи за Мирко Васовски од Гркоој имаа син Даниел, кој трагично млад погина во сообраќајна несреќа. Душица е мажена за Петко од Сиричино, кој е брат на жената од Павле Стамат од Коачоој. Душица живеат во Врчин, Белград и имат две деца Тодор (Толе) и Бранислав. **Томе** Качовски има жена Верче од Ратае, тетка на браќата Мирче и Стево, со кои учев во Гимназија. Томе има син Љупчо и ќерка Дијана. Љупчо свирел на бубњеви (тапани) во музичка група во Детроит. Љупчо има жена од Тетово, потекло Егејска Македонија има син Илија, во вториот брак со босанка од Тузла, пејачка на бендот, има син Антони. За Дијана немам податоци. Томе беше учител во Шемшово, кој се пресели во Детроит.

**Олга** е ќерка на Крсто Ѓигов. Олга е генерација со сестра ми Милица. Олга и Спасо Ѓорковски од Сиричино имаат два сина Предраг и Ненад. Предраг Ѓорковски со сопругата Весна од Непроштено имаат ќерка Ања и Ненад со сопругата Александра имаат ќерка Елена и син Милан.

Од овој род е мојата пра баба попадија **Менуша**, жената на пра дедо ми поп Спиро Онуфриевски од шесто колено од родот **Лалошооі** (Р. бр. 28) од Лешок. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 292- 297, 344-480 во ТОМ -1 и Табела бр. 1 и бр. 2 - Прирамида на фамилијата и род Спироски-Лалошооі, стр. 951- 986 во ТОМ -2, Р. бр. 18, стр. 193-194 и 229-230 и Р. бр. 25. стр. 156-157 ).

Спасо Ѓорковски работеше во АОП во СОК-филијала Тетово, а јас работев во Контрола при СОК-на РМ-Централа во Скопје. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 61- 63 и Р. бр. 19, стр. 157-167 ).

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 57, 106, 118, 129, 138, 183, 211, 223, 229-230, ), **Гркоој, Качоој, Костадиноој, Лалошоој, Љезоој, Петкоан, род, слава**, **Спироој,**

|  |  |  |  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Иљо + | Јове + | Љубица + | Олга + | Предраг | Ненад | Ања | Елена |

# 20. Карапанџооj

**Карапанџоој** е род во Лешок на кои домашна слава е **Св. Никола**. Куќите им се на Бања во Старо маало. Се смета дека првите доселеници им се од Сетоле.( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 -157 -ТОМ-1, Р. бр. 7, стр. 84, Р. бр. 8, стр. 87-88, Р. бр. 18, стр. 104-105 и Р. бр. 25, стр. 23-29 и 52-61 и 73-77 ).

Трипун и Ѓурче, биле синови на Коце и се најстари лица, кои ги знам од овој род, секако и нивните потомци. Во ова поглавие ќе ги обработам лицата, кои ги ословувавме со името Карапанџоој. Во Лешок некои лица потомците на Раде од Гуљакоој ги ословуваат и со името Карапанџоој, исто како и потомците на Трипун и Ѓурче од родот Карапанџоој. Јас не сум во состојба да трагам подлабоко за врската на Карапанџоој и Гуљакоој, за тоа треба да се погрижат потомците.

**Трипун** Ристовски има два сина: Ѓоко и Петко и две ќерки: Коца и Ленка и ги ословуваат со прекар Карапанџа. Во куќата на Трупун во Лешок, живееше Коца- Карапанџа со сопругот.

**Ѓоко** Ристовски има ќерка Убавка и син Војо. **Убавка** е мажена за Цветко од Кујоој и има два сина Мишо и Владо. Мишо има син Роки, а Владо има две ќерки Моника и Анастасија.